**Финален извештај од извршен редовен инспекциски надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола на субјектот Дооел Био Пресском**

**-согласно член 37 став (8) од Закон за инспекциски надзор во животната средина („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2022) –**

**(20.08.2025 год.)**

Дооел Био Пресском е субјект со дејност 46.75 – трговија на големо со хемиски производи кој согласно член 122 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) а, во врска со **Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план** ( ,,Сл.весник на РМ,, бр.89/2005) **Прилог 2, точка 5** од страна на Оштина Ресен издадена е Б-интегрирана еколошка дозвола.

Дозволата е издадена согласно предходно спроведена постапка согласно Закон за животна средина и тоа за дејноста преработка на органски отпад во компост. Дозволата е издадена на **18.12.2014 год. и заведена под број 16-3541/7.**

На ден 30.07.2025 год. од страна на општинскиот инспектор за животна средина Андријана Георгиевска Зебековска со број на легитимација **28-0002** извршен е редовен инспекциски надзор во субјектот Дооел Био Пресском. Надзорот се изврше по предходно доставено известување за вршење на редовен надзор со листа за проверка согласно член 69 ставови (2) и (3) од Закон за инспекциски надзор (,,Сл.весник на РСМ,, бр.102/19, 272/24 I 22/25)

**Листата за проверка доставена до субјектот е следна:**

**-Закон за животна средина:**

Надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола –дали се почитуваат условите наведени во дозволата;

**-Закон за води;**

1. Надзор над постапувањето со отпадните и атмосферски води кои се генерираат од субјектот

**-Закон за квалитет на амбиентниот воздух**

**- Закон за управување со отпадот;**

За извршениот редовен инспекциски надзор на лице место составен е записник во присуство на управителот Ѓорѓи Волкановски и записникот е потпишан од негова страна.

Субјектот - градска компостара се наоѓа на КП 1503/1 и КП 1500/13. Работата ја започнува во 2014 год.со проектиран капацитет од 1000 тони/год. производство на компост, 1.000000 литри течен компост и 200 тони мулчна прекривка.

Нејзиното работење е познато како компостирање во редови со преработка т.е рециклирање на органски отпад.

На лице место беше констатирано дека субјектот градска компостара не е функционален, не ја извршува дејноста за која е издадена Б-интегрирана еколошка дозвола.

Имено дејноста за која е добиена Б- интегриранаата еколошка дозвола субјектот ја извршува од 2014 год. до 2019 год. Од 2019 год. па до денес согласно извршените редовни надзори се констатира дека субјектот Дооел Био Пресков повеќе не ја извршува дејноста производство на компост од преработка т.е рециклирање на органски отпад.  Се очекува нејзино скоро рестартирање за кое општинскиот инспектор за животна средина ќе биде известен.

Општински инспектор за животна средина

Андријана Георгиевска Зебековска